Врз основа на член 14 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА**

Член 1

Да се изврши продажба на 9.155 тони меркантилна пченица од стоковните резерви, заради обновување.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења бр. СВ V–107/23 од 4.10.2023 година, во која е проценета вредноста на меркантилната пченица на износ од 161.576.907,00 денари, односно 17,65 ден./кг.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 17,65 ден./кг.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10719/6
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.